Ул. „Димитрие Чуповски" бр.13
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: +389 2 32 89 200
факс: +389 2 ... 611
www.aek.mk

Врз основа на член 162 а во врска со член 28 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ„ број 136/2007 ,130/2008, 97/2010, 53/2011 и 185/2012) и член 17 од Законот за електронските комуникации (Сл. весник на РМ број 13/2005, 14/07, 55/07. 98/2008, 83/2010. 13/2012 и 59/2012). Директорот на Агенцијата за електронските комуникации на ден 30 .07.2012 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за избор на најповолна понуда за доделување на договор за јавна набавка

### Член 1

Во постапката за јавна набавка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас бр.1/2012, спроведена заради потребата од **набавка на дефибрилатор (опрема за реанимација во случај на срцев удар или излив)**, врз основа на критериумите за доделување на договор утврдени во огласот за доделување на договор за јавна набавка и во тендерската документација, а во согласност со Извештајот од спроведената постапка изготвен од страна на Комисијата за јавни набавки на Агенцијата за електронски комуникации и резултатите добиени по затворањето на електронската аукција, се избира понудата на понудувачот:

**Трговско друштво за промет, услуги и консалтинг**
**Евро Тим Дооел**
**бул.Јане Сандански бр.86/1-20**
**1000 Скопје**

### Член 2

Со понудувачот да се склучи договор согласно доставената понуда, со вкупна вредност од 43.000,00 денари без ДДВ веднаш по конечноста на одлуката за избор на најповолен понудувач, односно по истекот на рокот за поднесување на правото за жалби.

### Член 3

Оваа Одлука стапува во сила веднаш по нејзиното потпишување.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука понудувачите имаат право на жалба која се доставува истовремено до Државната Комисија за жалби по јавни набавки и Агенцијата за електронски комуникации, во рок од 3 дена од денот на приемот на одлуката за избор на најповолна понуда.

Директор

Роберт Орданоски

Наш број 02- 2788/16

Скопје 30.07.2012

Изработил: 30.07.2012

Виолета Стјеповиќ ПопАцева

Контролирал:

Весна Чкаловска

Одобрил:

Владимир Ристевски